**<u>ПРЕДЛОГ</u>**

Врз основа на член 19 став (1) точка 20) од Законот за ревизија (Службен весник на РМ, број 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 192/2015, 23/2016 и 83/2018 година), а во врска со член 24 став (1) точка 4) од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ), Собранието на ИОРРМ на предлог на Управниот одбор, на седницата одржана на --.03.2020 година, усвои

# Годишен извештај за работа на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија за 2019 година

## Содржина


I. Резиме

II. Активности на телата на ИОРРМ

- Собрание
- Управен одбор
- Надзорен одбор
- Комисии на ИОРРМ

III. Финансиски информации

IV. Анализа на реализирање на активностите од Годишната програма за работа на ИОРРМ за 2019 година


## I. Резиме

Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ) спроведува активности согласно надлежностите уредени со Законот за ревизија, Статутот и актите на ИОРРМ.

Институтот на овластени ревизори на Република Македонија во 2019 година спроведе настани за **Континуирано професионално усовршување (КПУ) за овластените ревизори**. Во рамките на Годишната програма за КПУ за 2019 година беа спроведени 9 настани за КПУ или вкупно 68 часа, за да им се овозможи на овластените ревизори да ја исполнат законската обврска да посетуваат најмалку 120 часа за период од три години, односно најмалку 30 часа годишно во рамките на континуирано професионално усовршување од областа на сметководството и ревизијата, согласно член 28 од Законот за ревизија. За одржување на предавања на темите предвидени во Годишната програма за КПУ за 2019 година беа поканети и изразија интерес предавачи од Дирекција за заштита на лични податоци, Управата за финансиско разузнавање, Народна банка на РСМ, Комисија за хартија од вредност, ЈВСНет ДООЕЛ Скопје, Шпаркасе Банка Македонија АД, претставници на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци, вработените на ИОРРМ, како и предавачи со други домашни и меѓународни сертификати, како и предавачи од странство. На настаните за КПУ одржани во мај 2019 година беше организиран панел на учесници од релевантни професионални организации кои дискутираа за проблемите и предизвиците во професионално организирање и регулирање на независните професии, како и обраќање на истакнати студенти од Економски факултет при Универзитет Гоце Делчев Штип, кои одржаа презентација за ревизорската професија како предизвик за студентите во Македонија и балканските земји. Вкупно беа опфатени 29 различни теми на сите настани за КПУ одржани во

2019 година. Предавањата се однесуваа на континуирано професионално образование (меѓународни стандарди за финансиско известување, меѓународни стандарди за ревизија, законска регулатива, контрола на квалитетот на ревизорските услуги, дигитализација и ИТ технологии при ревизија, ревизорски софтвер и други поврзани теми) и континуирано професионално усовршување (актуелни теми). Од 16 до 30 декември 2019 година беше спроведено **електронско следење на КПУ** на овластените ревизори за кое што се признаваат 8 часа КПУ за 2019 година.

Настаните за КПУ одржани во мај, септември, октомври и ноември 2019 се признаваа и како **КПУ за сметководители и овластени сметководители** врз основа на договор за акредитација за вршење на Континуирано професионално усовршување за сметководители и овластени сметководители кое што се спроведува согласно Законот за вршење на сметководствени работи, склучен со ICC Macedonia (International Chamber of Commerce Macedonia).

На 28 и 29 октомври 2019 година беше одржана **Работилница на тема 'Планирање на ревизијата и идентификување на ризици',** а на 30 и 31 октомври 2019 година беше одржана **Работилница на тема „Извршување на ревизорски постапки",** кои што беа подготвени и спроведени од лицата кои учествуваат на обуката Audit Training of Trainers (ToT) организирана од CFRR, канцеларија на Светска банка. На учесниците на работилниците им се признаваат по 16 КПУ часа за 2019 година за секоја дводневна работилница поединечно. На 19 април 2019 година, се одржа заеднички настан организиран од страна на **Здружението на внатрешни ревизори на Македонија (ЗВРМ) и Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ), со наслов - The Journey to Audit Challenges/Во чекор со предизвиците на ревизијата**, при што за учество на настанот ИОРРМ и ЗВРМ признаваат 8 часа КПУ за 2019 година соодветно за своите членови.

Институтот на овластени ревизори на Република Македонија во 2019 година спроведе две сесии за полагање на **испитот за стекнување на звањето ревизор,** што беа спроведени во јуни/јули 2019 и декември 2019 година. Во 2019 година, тројца кандидати кои го положија испитот се стекнаа со уверение за ревизор, издадено од страна на ИОРРМ.

Во 2019 година, ИОРРМ издаде три уверенија за ревизор врз основа на доставени барања за **признавање на квалификација за ревизор стекната во странство,** а во согласност со Правилникот за начинот и постапката на добивање уверение за ревизор за лица кои поседуваат уверение за ревизор стекнато во странство.

Комисијата за **контрола на квалитетот на ревизорските услуги** усвои предлог Годишен извештај за наодите од извршените контроли на Комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги, за проверките согласно Годишниот план за 2018/2019 година. Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги усвои Годишен план за контрола на квалитет за 2019/2020 година. Методологијата за организација и спроведување на проверка за контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци е објавена на веб страната на ИОРРМ, во делот со авторизиран пристап само за членовите на ИОРРМ.

На 28 февруари 2019 година, во просториите на Економски факултет - Скопје, се одржа **Форум на фирми на тема "Актуелните состојбите во поглед на контролата на квалитет и дисциплинските постапки"**. На Форумот присуствуваа претставници на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци, а беа разгледани актуелни прашања, меѓу кои: Контрола на квалитетот; Дисциплинските постапки и мерки; и Надоместокот на ревизорските услуги. Претседателот на ИОРРМ, Драган Димитров, подготви Заклучокот со сублимирани насоки и предлози дискутирани на средбата насловена "Актуелните состојбите во поглед на контролата на квалитет и дисциплинските постапки" кој што беше доставен до сите учесници и е објавен на корисничкиот дел од веб страната на ИОРРМ.

**Регистарот на ревизори, Регистарот на овластени ревизори, Регистарот на друштва за ревизија, Регистарот на овластени ревизори – трговци поединци, и Регистарот на трајно одземени лиценци** се усогласени со член 30 од Законот за ревизија, и истите се објавени на веб страната на ИОРРМ.

## *IFAC[1]*

Во 2019 година, ИОРРМ како полноправна членка на IFAC имаше редовна комуникација. ИОРРМ достави барање за дозвола за превод/ажурирање на '2018 Handbook of International Quality Control, Auditing, Review, Other Assurance, and Related Services Pronouncements (978-1-60815-389-3) - Published Dec 17, 2018, Vol 1 и Vol. 2', издадени од страна на IFAC од англиски на македонски јазик, кое беше одобрено од страна на IFAC.

ИОРРМ за свој ополномоштен претставник на седницата на Собранието на IFAC, која што се одржа на 13-14 ноември 2019 година во Ванкувер, Канада, назначи претставник на Францускиот конзорциум.

Ажурирањето на Акцискиот план за усогласеност со SMO[2] на IFAC, е одложено од страна на IFAC, за септември 2021 година, заради конзистено навремено доставување на ажуриран Акциски план. Во меѓувреме се спроведуваат редовни годишни дискусии за разгледување на напредокот и евентуални измени на регулативата или други околности.

## *Меѓународна соработка*

### CFRR

На 2 и 3 јули 2019 година, двајца претставници на ИОРРМ учествуваа на работилница на тема 'Увид во имплементација на реформите и натамошно планирање' организирана од страна на Светска банка и Центарот за реформи во финансиското известување, која што се одржа во Виена, Австрија.

На 10 и 11 декември 2019 година, двајца претставници на ИОРРМ учествуваа на настан организиран од CFRR, канцеларија на Светска банка, што се одржа во Виена, Австрија. На настанот меѓудругото беше презентирана и дискутирана и новата програма на CFRR која ќе започне во 2020 година.

### *CNCC & CSOEC (Француски конзорциум)*

Од 25 до 27 септември 2019 година, по покана на Consel Superieur de l'Ordre Des Experts Comptables – CSOEC, претставник на ИОРРМ учествуваше на 74-от Конгрес на CSOEC, при што беше одржан и состанок со претставници на CSOEC каде се дискутираше за финализирање на ревизорската алатка PACK PE, како и други области за заедничка соработка.

Во 2019 година, во соработка со Францускиот конзорциум се одвиваат активности за довршување на прилагодувањето на алатката PACK PE, кое што е во завршна фаза.

### *Соработка со професионални организации и други институции во странство*

На 11 април 2019 година, претставници на ИОРРМ учествуваа на **Accountancy Profession Strategic Forum (APSF) 2019** што се одржа на Малта. Форумот беше организиран од страна на Institute of Certified Accountants of England and Wells - ICAEW во соработка со малтешкиот инстиут (MIA).

На 9-ти јули 2019 година, претставници на ИОРРМ беа во посета на Институтот на дипломираните експерти-сметководители (ИДЕС) во Бугарија каде се оствари средба со претседателот и извршниот директор на ИДЕС. Состанокот беше на иницијатива на

---

[1] International Federation of Accountants.

[2] Statements of Membership Obligations

ИОРРМ, а предмет на состанокот беа следните теми: склучување на договор за соработка помеѓу двата института, размена на искуства во однос на организацијата и функционирање на ИДЕС, особено во однос на контролата на квалитет, дисциплинските постапки и постапки по добиени жалби и други слични прашања, како и можностите за меѓусебна понатамошна соработка и други прашања од интерес.

На 02 декември 2019 година, Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ) потпиша **Меморандум за соработка со Институтот на дипломирани експерти –сметководители (ИДЕС) од Бугарија**. Договорот предвидува соработка во неколку области: спроведување на акциските планови за подобрување на усогласеноста со стандардите на IFAC, КПУ обука за членовите на двете организации, спроведување на испит за стекнување звање ревизор, спроведување на контрола на квалитет на ревизорските услуги и други прашања од заеднички интерес.

Од 10 до 11 октомври 2019 година, Претседателот на ИОРРМ учествуваше на VI **Eurasian Forum of Accountants and Auditors 2019**, што се одржа во Баку, Азербејџан.

На 21.10.2019 година, претставник на ИОРРМ учествуваше на објаснувачки скрининг состанок за Поглавје 06 - Право на трговски друштва во што се одржа во Брисел, Белгија.

## *Соработка со Совет за унапредување и надзор на ревизија на Република Македонија (СУНРРСМ)*

Претседателот, членови на Управниот одбор  и претставници на ИОРРМ одржаа неколку состаноци со претседателот, членови и претставници на СУНРСРМ за разгледувања на прашања што се однесуваат на доставени акти од страна на ИОРРМ за добивање мислење/согласност од СУНРРСМ, како и за разгледување на прашања од заеднички интерес и предизвиците во професијата.

Во 2019 година, СУНРРСМ даде согласност на следните акти на ИОРРМ:

- ✓ Годишна програма за работа на ИОРРМ за 2019 година.
- ✓ Годишен извештај за работа на ИОРРМ за 2018 година.
- ✓ Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги за 2019 година.
- ✓ Тригодишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги за периодот 2019 – 2021 година.
- ✓ Одлука за измена и дополнување на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува ИОРРМ.
- ✓ Правилник за спроведување на обука за полагање на испитот за стекнување звање ревизор.

## *Соработка со професионални организации и други институции во Република Северна Македонија*

На 09-ти јануари 2019 година, **Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ) и Здружението на внатрешни ревизори на Македонија (ЗВРМ) потпишаа Меморандум за соработка,** со кој се потврдува взаемната соработка за подигнување на професијата внатрешен ревизор и овластен ревизор на повисоко ниво, промовирање на стручноста, знаењето и професионалноста на своите членови. На 30 јануари 2019 година, беше одржан состанок со претставници на Здружението на внатрешни ревизори на Македонија, за разгледување на прашања од заеднички интерес.

На 08 февруари 2019 година, **Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ) и Економски факултет – Скопје при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје потпишаа договор за**

**академска соработка**. Договорот има за цел страните да соработуваат за соработка на полето на обуката, продлабочување на знаењата и размена на искуства за истражувања и развојни процеси од заеднички интерес. Меморандумот за соработка го потпишаа Претседателот на ИОРРМ, г-дин Драган Димитров и Деканот на Економски факултет - Скопје, Проф. д-р Љубомир Дракулевски.

На 27 февруари 2019 година, **Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ) и Економски факултет – Штип при Државниот Универзитет „Гоце Делчев" во Штип потпишаа договор за академска соработка**. Договорот има за цел страните да соработуваат за соработка на полето на обуката, продлабочување на знаењата и размена на искуства за истражувања и развојни процеси од заеднички интерес. Меморандумот за соработка го потпишаа Претседателот на ИОРРМ, г-дин Драган Димитров и Ректор на Државен Универзитет Гоце Делчев Штип, Проф. д-р Блажо Боев.

На 22 февруари 2019 г одина, претставници на ИОРРМ по покана на **Универзитет Американ Колеџ Скопје (УАКС)**, одржаа предавање на тема "Улогата на ИОРРМ и јавниот интерес како основа за значење на професијата" за студенти од прва и трета година. На 12 март 2019 година, претставници на ИОРРМ, учествуваа на прес конференција на Универзитет Американ Колеџ Скопје наменета за промоција на професиите сметководител и ревизор и промоција на акредитација од ACCA (Association of Chartered Certified Accountants) за програмата 'Accounting and audit' на Универзитет Американ Колеџ Скопје. На 05.11.2019 година, на покана на Универзитет Американ Колеџ Скопје, Претседателот на ИОРРМ присуствуваше на 8-то Генерално собрание на Деловниот совет на УАКС. На 20.11.2019 година, на иницијатива на претседателот на ИОРРМ, во просториите на ИОРРМ се одржа работен состанок со г-динот Alain Mulder од Institute Of Management Accountants (IMA) на кој што присуствуваше и раководството на УАКС.

На 27 март 2019 година, претставници на ИОРРМ одржаа заеднички состанок со претседателот и други претставници на **Комисијата за хартии од вредност** за дискусија по теми од заеднички интерес, меѓу кои и следните: проблемите со кои се соочува КХВ во делот на квалитетот на ревизорските извештаи, очекувањата од иницирани контроли на квалитет, перцепцијата на КХВ за функционирањето на службата за внатрешна ревизија кај АД и можности за промени во тој дел, и можностите за меѓусебна соработка во делот на едукацијата.

На 04 април 2019 година, се одржа состанок помеѓу претставници на ИОРРМ и директоторот и други претставници на **Централен регистар на РСМ**, за дискусија за актуелни прашања поврзани со надлежностите на двете институции.

На 08 мај 2019 година, се одржа состанок помеѓу претседатѕелот на ИОРРМ и претставници на **Институтот на сметководители и овластени сметководители** за дискусија за актуелни прашања поврзани со надлежностите на двете институции.

На 17 мај 2019 година, се одржа состанок помеѓу претставници на ИОРРМ и Гувернерот и други претставници на **Народна банка на РСМ**, за презентирање на работата на ИОРРМ, разгледување на актуелните состојби на ревизијата во РСМ, можните подрачја на взаемна соработка, како и предлози и сугестии за подобрување на работата на овластените ревизори.

На 17.10.2019 година, на покана од **Управата за финансиско разузнавање**, претставник на ИОРРМ учествуваше на презентација на Извештај за „ Националната проценка на ризиците од перење пари и финансирање на тероризам „ (НРА).

Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ) се стекна со акредитација за вршење на Континуирано професионално усовршување за сметководители и овластени сметководители кое што се спроведува согласно Законот за вршење на сметководствени работи. Акредитацијата ја додели ICC Macedonia (International Chamber of Commerce Macedonia).

## II. Активности на телата на ИОРРМ

### ➢ Собрание

Собранието на ИОРРМ ги одржа 25-та и 26-та седница.

На седниците беа усвоени следните:

- Годишен извештај за работа на ИОРРМ за 2018 година (на 16.04.2019 година доби согласност од СУНРРМ).
- Годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРМ за годината што завршува на 31.12.2018 година и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината што завршува на 31.12.2018 година.

На 26-та седница беше разгледан Извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2018 година. На истата седница, беа спроведени избори за членовите на телата и органите на ИОРРМ заради истекување на мандатот од три години и поднесена оставка од страна на еден член на Надзорниот одбор. Изборите беа спроведени со тајно гласање, согласно Статутот на ИОРРМ, по предлог на Управниот одбор на ИОРРМ. На седницата беа избрани пет членови на Дисциплинската комисија, еден член на Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори и еден член на Надзорниот одбор.

### ➢ Надзорен одбор

По спроведени избори за членови на телата и органите на ИОРРМ заради истекување на мандатот од три години на 23-тата седница на Собрание, а согласно член 26 став (4) од Статутот на ИОРРМ, Надзорниот одбор на ИОРРМ за претседател на Надзорниот одбор ја избра Кристина Тилиќ.

Во 2019 година, Надзорниот одбор на ИОРРМ ги разгледа следните:

- Годишната сметка на ИОРРМ и Даночниот биланс за 2018 година, и други прашања поврзани со сметководствената евиденција и работењето на ИОРРМ.
- Нацрт извештај на независниот ревизор и финансиски извештаи на ИОРРМ за 2018 година.
- Годишен извештај за работа на ИОРРМ за 2018 година и Годишна програма за работа на ИОРРМ за 2019 година.

Надзорниот одбор усвои Извештај на работењето на Надзорниот одбор на ИОРРМ за 2018 година, доставен до Собранието на ИОРРМ.

Надзорниот одбор разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

### ➢ Управен одбор

Во 2019 година, Управниот одбор одржа тринаесет седници на кои ги усвои/одобри следните:

- Тримесечни извештаи за работа на ИОРРМ доставени до Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Репувлика Северна Македонија и Надзорниот одбор на ИОРРМ, заради редовно информирање.
- Одлуки за издавање на уверение за ревизор за лица кои го положиле испитот за стекнување звање ревизор.
- Одлуки за издавање на уверение за ревизор за лица кои квалификацијата за ревизор ја стекнале во странство.
- Препораки за зачленување на овластени ревизори во ИОРРМ, како и препораки за престанок на членство во ИОРРМ на овластени ревизори.
- Препорака за зачленување на еден овластен ревизор – трговец поединец и едно друштво за ревизија.

- Предлог Годишен извештај за работа на ИОРРМ за 2018 година, доставен до Собранието на ИОРРМ за усвојување.
- Финансиски план на ИОРРМ за 2019 година.
- Пописниот елаборат од пописната комисија за утврдените состојби при пописот на средствата и обврските на ИОРРМ со состојба на 31.12.2018 година.
- Годишна програма за Континуирано професионално усовшување за 2019 година.
- Одлука за вработување на лице за вршење административно – технички работи за период од шест месеци.
- Одлука за измена на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува ИОРРМ, доставена до СУНРРСМ за согласност.
- Одлука за именување претседатели на комисии на ИОРРМ.
- Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги за 2019 година и Тригодишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги за периодот 2019-2021 година, доставени до СУНРРСМ за согласност.
- Одлука за поведување дисциплинска постапка против членови на ИОРРМ, заради неплатена членарина за 2019 година.
- Одлука за прекин на дисциплинска постапка против дваесет и еден овластен ревизор и еден овластен ревизор – трговец поединец.
- Одлука за изрекување на дисциплинска мерка - Јавна опомена за:
  - Овластен ревизор Стојанчо Коцев поради неостварен законски минимум од 30 часа КПУ за 2016 година.
  - Овластен ревизор Правда Цветковска поради неподмирена обврска за членарина за 2019 година.
  - Пет овластени ревизори: Правда Цветковска, Виданка Ацеска, Весна Гешков – Кувенџиска, Нада Гогоска, Славица Дреноска поради неплатена членарина за 2019 година.
  - Друштво за ревизија и услуги 'Руле' ДООЕЛ Скопје заради несовесно однесување во вршењето на работи од областа на ревизијата, спротивно на МСР и позитивната законска регулатива, односно поради прекршување на член 4 и 5 од Законот за ревизија.
- Одлука за изрекување на дисциплинска мерка - Времено исклучување од членство за период од 6 месеци, за:
  - Три овластени ревизори: Борче Ѓелевски, Љупчо Карапанчев и Мирјана Костиќ, поради неостварен законски минимум од 30 часа КПУ за 2016 и 2017 година и неподмирена обврска за членарина за повеќе години.
  - Овластен ревизор Виданка Ацеска поради неостварен законски минимум од 30 часа КПУ за 2016 и 2017 година.
  - Овластен ревизор Кирил Савовски поради неподмирена обврска за членарина за повеќе години.
- Одлука за изрекување на дисциплинска мерка - Времено исклучување од членство за период од 2 години, за Друштво за ревизија и консалтинг 'Европски центар за ревизија' ДОО Скопје, заради незадоволително ниво на постапување во согласност со утврдените ревизорски правила при вршење на ревизијата и по препораките дадени во извештаите за контрола на квалитет, односно поради прекршување на член 32 од Законот за ревизија.
- Ревидиран Прирачник за спроведување на Кнтинуирано професионално усовршување.

- Циркуларно писмо бр. 4 кое се однесува на обврската за потпишување на извештајот на независниот ревизор, согласно Законот за ревизија, подготвено од Комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги.
- Одлука за измена на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува ИОРРМ, што се доставува до СУНРРСМ за давање согласност.
- Правилник за спроведување на обука за полагање на испитот за стекнување звање ревизор, доставен до СУНРРСМ за согласност.

Согласно член 20-а став (4) од Законот за ревизија, Управниот одбор разгледуваше доставени приговори по извештаи за извршена контрола на квалитет доставени од страна на друштва за ревизија. Исто така, разгледа извештаи од контролата на квалитет, кои што согласно член 20-а став (5) од Законот за ревизија ги достави до СУНРРСМ. Управниот одбор го разгледа Годишниот план за проверки на контрола на квалитетот за 2019/2020 година и го проследи до СУНРРСМ.

Управниот одбор на ИОРРМ разгледа и одобри материјали за доставување до СУНРРСМ согласно утврдениот модел за известување и размена на информации и податоци помеѓу ИОРРМ и СУНРРМ во однос на спроведување на контрола на квалитетот, како и во однос на преостанатите активности на ИОРРМ. Ги разгледа Извештајот за периодична контрола кај друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци во 2019 година, Извештајот за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор во испитната сесија декември 2018/јануари 2019 година и јуни/јули 2019 година, и Извештајот за спроведување на КПУ во 2018 година.

Управниот одбор разгледуваше предлози и барања доставени до Управниот одбор од страна на членовите и комисиите на ИОРРМ, дописи доставени од СУНРРСМ, како и од страна на надворешни заинтересирани страни.

## Комисии на ИОРРМ

### *1. Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори*

Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори:

- Разгледа доставени барања за зачленување на овластени ревизори и до Управниот одбор достави Препораки за зачленување на нови овластени ревизори.
- Разгледа доставено барање за зачленување на овластен ревизор – трговец поединец и до Управниот одбор достави Препораки за зачленување на нов овластен ревизор – трговец поединец.
- Разгледа доставени барања за престанок на членство во ИОРРМ и усвои Препораки за престанок на членство во ИОРРМ.
- Разгледа доставени барања за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство. По спроведена постапка согласно Правилникот за начинот и постапката на добивање уверение за ревизор за лица кои поседуваат уверение за ревизор стекнато во странство, достави Предлог до Управниот одбор на ИОРРМ за издавање уверенија за ревизор за три баратели за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство.
- Достави известувања до Управниот одбор на ИОРРМ за лица кои стекнале право за добивање уверение за ревизор, врз основа на добиен Список на кандидати кои ги положиле сите испити од Програмата за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор, од Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор, за испитните сесии декември 2018/јануари 2019 година и јуни/јули 2019 година.
- Спроведе периодична контрола за 2019 година согласно Правилникот за спроведување на периодична контрола.

- Усвои Извештај за периодичната контрола на Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори за 2019 година, доставен до Управниот одбор на ИОРРМ.

Комисијата разгледуваше доставени информации за ажурирање на регистрите што ги води ИОРРМ, како и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## 2. Комисија за контрола на квалитетот на ревизорските услуги

Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги:

- Подготви предлог Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги за 2019 година и предлог Тригодишна програма за работа на Комисијата за периодот 2019 – 2021 година и истите ги достави до Управниот Одбор на ИОРРМ за усвојување.
- Усвои Годишен план за контрола на квалитет за 2019/2020 година, кај друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци.
- Подготви предлог Годишен извештај за наодите од извршените контроли за 2018/2019 година, доставен до Управниот одбор за усвојување.
- Во рамките на постапката за контрола на квалитет, до друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци се достави барање за доставување на годишни податоци до 15.06.2019 година, преку пополнување на образец Годишен извештај на активности и образец Прашалник за прелиминарни податоци.
- Подготви и достави допис до друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци во врска со доставување на нивни согледувања и предлози поврзани со Правилниците и методологијата за контрола на квалитет, согласно заклучоците од одржаниот Форум на фирми и 25-та седница на Собранието на ИОРРМ.
- Подготви предлог Циркуларно писмо во врска со законските одредби за потпишување на извештајот на независниот ревизор, доставено до Управниот одбор за усвојување.
- Усвои квартален извештај за извршените контроли со 30.09.2019 година за доствување до СУНРРСМ, како и други известувања, согласно добиените барања од СУНРРСМ.

Комисијата извршуваше активности поврзани со спроведување на проверки за контрола на квалитет според Годишниот план за контрола на квалитет за 2018/2019 и 2019/2020 година, како и други актуелни прашања поврзани со надлежностите на комисијата согласно Статутот.

Од 09.04.2015 година, назначен претставник на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, учествува во работата на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги на ИОРРМ, согласно член 8 став (1) точка 6) од Законот за ревизија.

## 3. Дисциплинска комисија

Врз основа на Одлуки на Управниот одбор за покренување на дисциплинска постапка против членови на ИОРРМ, Дисциплинската комисија спроведува дисциплински постапки согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРМ, Статутот на ИОРРМ и Законот за ревизија. Дисциплинската комисија усвои:

- Препораки до Управниот одбор на ИОРРМ за прекин на дисциплинска постапка за дваесет и еден овластен ревизор и еден овластен ревизор – трговец поединец.

- Препораки до Управниот одбор на ИОРРМ, за изрекување дисциплинска мерка – Јавна опомена за:
    - Еден овластен ревизор поради неостварен законски минимум од 30 часа КПУ за 2016 година.
    - Пет овластени ревизор поради неплатена членарина за 2019 година.
    - Едно друштво за ревизија заради несовесно однесување во вршењето на работи од областа на ревизјата, спротивно на МСР и позитивната законска регулатива.
- Препораки до Управниот одбор на ИОРРМ, за изрекување дисциплинска мерка – Времено исклучување од членство за период од 6 месеци за:
    - Три овластени ревизори поради неостварен законски минимум од 30 часа КПУ и неподмирена обврска за членарина за повеќе години.
    - Еден овластен ревизори поради неостварен законски минимум од 30 часа КПУ.
    - Еден овластен ревизор поради неподмирена обврска за членарина за повеќе години.
- Препорака до Управниот одбор на ИОРРМ, за изрекување дисциплинска мерка – Времено исклучување од членство за период од две години за друштво за ревизија, поради незадоволително ниво на постапување во согласност со утврдените ревизорски правила при вршење на ревизијата и непостапување по препораките дадени во извештаите за контрола на квалитет.
- Препорака до Управниот одбор на ИОРРМ за ослободување од одговорност за дисциплинска повреда за овластен ревизор - трговец поединец.

Дисциплинската комисија разгледуваше дописи и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот и Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРМ.

### *4. Комисија за образование, обука и публикации*

Комисијата за образование, обука и публикации:

- Ги подготви тримесечните изданија на Билтенот на ИОРРМ, кој што преку е-пошта се доставува до членовите на ИОРРМ.
- Подготви и усвои Извештај за спроведување на Континуирано професионално усовршување во 2018 година, доставен до Управниот одбор на ИОРРМ.
- Подготви предлог Годишна програма за континуирано професионално усовршување (КПУ) за 2019 година, со предлог за начинот на спроведување и датуми и локации за спроведување на настаните за КПУ. При тоа, беа земени предвид препораките за Комисијата за образование, обука и публикации во Годишниот извештај за проверки на контрола на квалитет за 2016/2017 година, евалуациите на учесниците на настаните за КПУ одржани во 2018 година и други релевантни информации и податоци.
- Спроведе подготвителни активности за настаните согласно Годишната програма за КПУ за 2019 година и ги утврди презентациите за електронско следење на КПУ за 2019 година.
- Достави предлози до Управниот одбор за времено ослободување/ неослободување од обврската за присуство на настаните за КПУ организирани од ИОРРМ по разгледување на доставени барања на овластени ревизори, членови на ИОРРМ.
- Разгледуваше доставени документи во врска со барања за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство и подготви Мислења за утврдување адекватност/веродостојност на програма според која кандидатот стекнал квалификација ревизор во странство.

- Подготви ревидиран Прирачник за спроведување на КПУ, доставен до Управниот одбор за усвојување.
- Подготви предлог Правилник за спроведување на обука за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор, доставен до Управниот одбор за усвојување.
- Одржа состанок на работната група за прашања поврзани со спроведување на КПУ во врска со усогласување со барањата IES 7 и IES 8 на IFAC.

Комисијата за образование, обука и публикации разгледуваше актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

### *5. Комисија за спроведување на испитот за стекнување на звањето ревизор*

Комисијата за спроведување на испитот за стекнување на звањето ревизор:

- Подготви предлог до Управниот одбор на ИОРРМ за спроведување на испитните сесии јуни/јули 2019 година и декември 2019 година.
- Разгледуваше доставени барања за полагање на испитот и придружната документација од заинтересираните кандидати по објавениот Повик за пријавување на кандидати за полагање на испитот, за утврдување на исполнување на условите за полагање на испитот за стекнување звање ревизор.
- Ги разгледа доставените документи по објавениот Повик за пријавување на интерес за координатор и оценувачи за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор и назначи коориднатор и оценувачи за испитните сесии јуни/јули 2019 година и декември 2019 година.
- Извршуваше подготвителни активности за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за испитните сесии јуни/јули 2019 и декември 2019 година. Испитните сесии беа спроведени од 17 до 28 јуни 2019 година, и од 17 до 26 декември 2019 година.
- Подготви предлог до Управниот одбор за ажурирање на базата на прашања за спроведување на испитот за предметите Управување со финансии и Законска регулатива. Комисијата ги разгледа доставените документи по објавениот Повик за пријавување на интерес за подготвувачи на испитни прашања за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор.
- Ги утврди резултатите од испитните сесии што се одржаа во декември 2018/ јануари 2019 година и јуни/јули 2019 година. До Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори достави Списокот на кандидати кои ги положиле сите испити од Програмата за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор на ИОРРМ, за постапка на издавање уверение за ревизор. Во двете испитни сесии, три кандидати го положија испитот за стекнување на звањето ревизор.
- Комисијата подготви и усвои извештаи за спроведувањето на испитот за стекнување на звање ревизор во испитните сесии декември 2018/ јануари 2019 година и јуни/јули 2019 година, доставени до Управниот одбор на ИОРРМ.
- Усвои Извештаи за оценување по барање на кандидатите кои го полагаа испитот.
- Подготви и усвои извештаи за положен испит од областа на законска регулатива во РМ, по барања доставени од Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори, за баратели кои квалификацијата за ревизор ја стекнале во странство.

Комисијата разгледуваше актуелни прашања поврзани со спроведување на испитот за стекнување звање ревизор и постапката за признавање на квалификација за ревизор стеката во странство.

### *6. Комисијата за стандарди за ревизија*

Комисијата за стандарди за ревизија го разгледуваше преводот на Меѓународните стандарди за ревизија објавени од IFAC, од англиски на македонски јазик и подготви предлог забелешки и коментари на преводот на стандардите кои се проследени до преведувачкиот тим за финализирање на преводот.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

### *7. Комисијата за сметководствени стандарди немаше активности во 2019 година.*

## III. Финансиски информации

Во 2019 година, ИОРРМ оствари приходи од членарина за овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци, спроведување на испитот за стекнување звање ревизор, спроведување на КПУ и работилници, и друго.

Подолу е дадена табела со споредбени информации во однос на Финансискиот план на ИОРРМ за 2019 година и реализираните приходи и расходи во 2019 година, споредбен податок со 2018 година, учество на приходи/расходи по одделни ставки во вкупните приходи/расходи, и процент на реализирано во однос на планирано за 2019 година.

| | Приходи | Број на лица | Износ по лице | Коментар | Вкупно планирано 2019 | Вкупно реализирано 2019 | Вкупно реализирано 2018 | Реализирано 2019 во однос на 2018 (отстапување) | Реализирано 2019 во однос на планирано (отстапување) | Учество во вкупни приходи 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | (денари) | | (денари) | (денари) | (денари) | % | % | % |
| 1 | **Приходи** | | | | | | | | | |
| 1,1 | Членарина - овластени ревизори | 210 | 6.000 | | 1.260.000 | 1.240.000 | 1.308.000 | -5,2% | -1,6% | 11% |
| 1,2 | Членарина - друштва за ревизија и овластени ревизори - трговци поединци | 1% од вкупни приходи во претходната година | | | 5.000.000 | 5.477.059 | 4.995.771 | 9,6% | 9,5% | 49% |
| 1,3 | Надомест за полагање на испит за стекнување звање ревизор | 140 | 9.200 | 2 сесии по 70 испити | 1.288.000 | 1.440.800 | 1.015.000 | 42,0% | 11,9% | 13% |
| 1,4 | Семинари (обука за алатки, практичен семинар, испит) | | | | 1.000.000 | 705.962 | 616.000 | 14,6% | -29,4% * | 6% |
| 1,5 | Континуирано професионално усовршување | 210 | 10.000 | | 2.100.000 | 2.134.025 | 2.052.000 | 4,0% | 1,6% | 19% |
| 1,6 | Контрола на квалитет | | | 4 контроли | 705.600 | 0 | 0 | - | -100,0% * | 0% |
| 1,7 | Стручна литература | | | | 100.000 | 112.400 | 75.800 | 48,3% | 12,4% | 1% |
| 1,8 | Останати приходи | | | | 100.000 | 89.778 | 106.182 | -15,4% | -10,2% | 1% |
| | **Вкупно приходи** | | | | **11.553.600** | **11.200.024** | **10.168.753** | | | **100%** |

| | Расходи | % од приходи | | Коментар | Вкупно планирано 2019 | Вкупно реализирано 2019 | Вкупно реализирано 2018 | Реализирано 2019 во однос на 2018 (отстапување) | Реализирано 2019 во однос на планирано (отстапување) | Учество во вкупни расходи 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (денари) | (денари) | (денари) | % | % | % |
| 2 | **Расходи** | | | | | | | | | |
| 2,1 | Бруто плати и надоместоци | | | 5 вработени | 4.000.000 | 3.662.318 | 3.127.793 | 17,1% | -8,4% | 36% |
| 2,2 | Расходи за испитот | 60,00% | | (% од 1.3) | 772.800 | 596.187 | 350.083 | 70,3% | -22,9% * | 6% |
| 2,3 | Расходи за семинари | 60,00% | | (% од 1.4) | 600.000 | 362.474 | 398.592 | -9,1% | -39,6% * | 4% |
| 2,4 | Расход за контрола на квалитетот | | | | 100.000 | 170.514 | 0 | - | 70,5% * | 2% |
| 2,5 | Расход за КПУ | 50,00% | | (% од 1.5) | 1.050.000 | 1.114.034 | 829.451 | 34,3% | 6,1% | 11% |
| 2,6 | Стручна литература - подготовка, ажурирање и превод (МСР, прирачници, алатка PACK PE) | | | | 1.000.000 | 110.131 | 99.391 | 10,8% | -89,0% * | 1% |
| 2,7 | Канцелариски трошоци | | | | 50.000 | 34.100 | 26.826 | 27,1% | -31,8% * | 0% |
| 2,8 | Административни трошоци | | | | 150.000 | 156.490 | 103.853 | 50,7% | 4,3% | 2% |
| 2,9 | Телекомуникациски услуги и пошта | | | | 80.000 | 50.043 | 74.337 | -32,7% | -37,4% * | 0% |
| 2,10 | Одржување на состаноци на телата на ИОРРМ | | | | 900.000 | 905.278 | 866.128 | 4,5% | 0,6% | 9% |
| 2,11 | Комуналии | | | | 300.000 | 261.740 | 242.155 | 8,1% | -12,8% | 3% |
| 2,12 | Сметководство и ревизија на годишна сметка | | | | 252.000 | 250.455 | 251.871 | -0,6% | -0,6% | 2% |
| 2,13 | Совет за унапредување и надзор на ревизијата | 15% од вкупни приходи од претходна година | | | 1.525.500 | 1.525.313 | 1.467.862 | 3,9% | 0,0% | 15% |
| 2,14 | Учество на меѓународни конференции | | | | 150.000 | 247.422 | 139.098 | 77,9% | 64,9% * | 2% |
| 2,15 | Членарина и други трошоци поврзани со членството во IFAC | | | | 270.770 | 270.770 | 254.479 | 6,4% | 0,0% | 3% |
| 2,16 | **Вкупно 2.1 - 2.15** | | | | **11.201.070** | **9.717.269** | **8.231.919** | 18,0% | -13,2% | |
| 2,17 | Други и непредвидени трошоци (% од 2.16) | 3,00% | | | 336.032 | 439.994 | 504.154 | -12,7% | 30,9% * | 4% |
| | **Вкупни расходи** | | | | **11.537.102** | **10.157.263** | **8.736.073** | | | **100%** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Нето приходи** | | | | **16.498** | **1.042.761** | **1.432.681** | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | **Дополнителни информации:** | | | | | | | | | |
| 3,1 | Пренесени дел на вишокот на приходи од претходните години | | | | | 7.025.831 | | | | |
| 3,2 | Депозити | | | | | 6.000.000 | | | | |

## *Позначајни отстапувања помеѓу планираните и реализираните приходи и расходи за 2019 година*

### 1. Приходи

**Семинари (обука за алатки, практичен семинар, испит).** Отстапување од -22,9% се должи на неспроведена обука неспроведена обука за алатката, како и неодржани семинари за обука на кандидатите за полагање на испитот заради недоволен број на заинтересирани кандидати.

**Контрола на квалитет.** Отстапување од -100,0% се должи на ненаплатени фактури по основ на извршена контрола на квалитет, а согласно член 6 од Тарификот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува ИОРРМ.

### 2. Расходи

**Расходи за испитот.** Отстапување од -22,9% се должи на трошоците што зависат од бројот на кандидати кои го полагаат испитот и пријавени испити по испитна сесија, и намалени трошоци за активностите за спроведување на испитот.

**Расходи за семинари.** Отстапување од -39,6% се должи на неспроведена обука за алатката, како и неодржани семинари за обука на кандидатите за полагање на испитот заради недоволен број на заинтересирани кандидати.

**Расход за контрола на квалитет.** Отстапување од 70,5% се должи на неможноста да се предвиди бројот и опфатот на спроведените проверки за контрола на квалитет во текот на годината.

**Стручна литература – подготовка, ажурирање и превод (МСР, прирачници, алатка PACK PE).** Отстапување од -89,1% се должи на нефинализирани активности за ажурирање/превод на МСР.

**Канцелариски трошоци.** Отстапување од -31,8% се должи на намалена потреба за набавка на канцелариски материјал.

**Телекомуникациски услуги и пошта.** Отстапување од -37,4% се должи на намален обем на користење на редовна пошта и поповолни пакети за телекомуникациски услуги.

**Учество на меѓународни конференции.** Отстапување од 64,9% се должи на зголемени активности во поглед на учество на релевантни настани во странство и меѓународна соработка.

**Други и непредвидени трошоци.** Отстапување од 33,6% во најголема се должи на непредвидени трошоци поврзани со судски спор со друштвото АССЕКО СЕЕ ДООЕЛ од Скопје во кој освен нас тужена страна се и Министерството за финансии и Владата на Република Македонија. Се работи за тужба по основ неисполнување на договор за спроведување на испит за овалстен ревизор кој договор не е потпишан од наша страна, вредноста на спорот е 368.900 денари. Првостепената пресуда беше во корист на тужителот, но со решение на Апелациониот суд од 14.11.2018 година пресудата е укината и вратена на повторно судење. На ден 10.04.2019 година, Основниот Суд Скопје II Скопје донесе пресуда во корист на тужителот. На 24.06.2019 година, ИОРРМ поднесе жалба по однос на оваа пресуда до Апелациониот суд Скопје.

## IV. Анализа на реализирање на активностите од Годишната програма за работа на ИОРРМ за 2019 година

| Планирана активност | Статус на реализирана активност |
|---|---|
| 1. Водење на Регистар на ревизори, Регистар на овластени ревизори, Регистар на друштва за ревизија, Регистар на овластени ревизори – трговци поединци и Регистар на трајно одземени лиценци. | Реализирано. |
| 2. Изготвување и усвојување на Годишна програма и Финансиски план на ИОРРМ за 2019 година. | Реализирано. |
| 3. Изготвување и усвојување на Годишен извештај за работа на ИОРРМ за 2018 година. | Реализирано. |
| 4. Изготвување на Програма за Континуирано професионално усовршување на овластените ревизори за 2019 година, во согласност со најновите достигнувања во професијата. | Реализирано. |
| 5. Организирање и спроведување на континуирано професионално усовршување. | Реализирано. |
| 6. Организирање и спроведување на практични семинари од областа на ревизијата. | Реализирано. Во октомври 2019 година, беа одржани две дводневни работилници. |
| 7. Организирање на обука за примена на ревизорската алатка (PACK PE). | Одложено заради финализирање на адаптација на македонската верзија на алатката. Преземени се итни активности за довршување на прилагодувањето на алатката PACK PE, што е во завршна фаза. |
| 8. Изготвување упатства за изготвување на ревизорска документација. | Делумно реазлизирано. ИОРРМ спроведува работилници на кои се понудени алатки/обрасци за подготвување на ревизорска документација. Дополнително се разгледува можноста за превод на одредени корисни прирачници/ упатства издадени од IFAC, достапни на нивната веб страна на англиски јазик. Прирачниците на IFAC се обемни и често се менуваат/ажурираат што бара значајни финансиски средства за превод и ажурирање. Дополнително, оваа |

| | |
|---|---|
| | активност ќе биде реализирана во 2020 година и со финализирање на ревизорската алатка. |
| 9. Организирање и спроведување на испит за стекнување на звањето ревизор. | Реализирано. Во 2019 година, ИОРРМ спроведе две сесии на испитот за стекнување на звањето ревизор, во јуни/јули и во декември 2019 година. |
| 10. Донесување на тригодишна и годишна програма за контрола над членовите на Институтот. | Реализирано. |
| 11. Спроведување на обука на овластените ревизори кои ќе спроведуваат контрола | Не е реализирано. Обуката ќе се спроведе во првото тромесечје на 2020 година. |
| 12. Спроведување контрола на квалитетот над членовите на Институтот. | Реализирано. |
| 13. Преведување и објавување во ‛Службен весник на РМ‛ на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC. | Не е реализирано. Активноста е во завршна фаза за одобрување на преводот. Објавувањето на стандардите е земено предвид во Годишната програма за 2020 година. |
| 14. Следење на примената на МСР, Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC кај друштвата за ревизија и кај овластените ревизори – трговци поединци. | Реализирано. |
| 15. Промовирање на МСР и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC. | Реализирано. |
| 16. Спроведување на дисциплински постапки и изрекување мерки на членовите опоради повреда на МСР, Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC и актите на ИОРРМ. | Реализирано. Во 2019 година, ИОРРМ изрече повеќе дисциплински мерки за своите членови по основ на извршена контрола на квалитетот на ревизорските услуги, неподмирена обврска за членарина, неисполнување на законска обврска за КПУ и други повреди. |
| 17. Издавање на Билтен на ИОРРМ. | Реализирано. |
| 18. Соработка со регулаторни тела и институции во земјата | Реализирано. |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Соработка со професионални организации на сметководители и ревизори и други професионални организации, во земјата и во странство. | Реализирано. |
| 20. | Усогласување на актите на ИОРРМ со Законот за измени и дополнувања на Законот за ревизија (Службен весник на РМ, 83/2018 година). | Реализирано. |
| 21. | Изготвување на Правилник и методолошко упатство за контрола на конфликт на интереси. | Не е реализирано. |
| 22. | Подготовка на Стратегија на ИОРРМ | Не е реализирано. |
| 23. | Ажурирање на Акцискиот план за усогласеност со SMO[3] на IFAC | Одложено од страна на IFAC, за септември 2021 година, заради конзистено навремено доставување на ажуриран Акциски план. |

**Драган Димитров**
**Претседател на ИОРРМ**

[3] Statements of Membership Obligations